**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**
**TIREMIX 2 % крем**
**( fusidic acid )**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако забележите било какви несакани ефекти, разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува сите можни несакани ефекти и кои не се наведени во ова упатство. Видете дел 4.

***Упатството содржи:***


*1. Што претставува ТИРЕМИКС и за што се употребува*
*2. Што треба да знаете пред да употребите ТИРЕМИКС*
*3. Како да се употребува ТИРЕМИКС*
*4. Можни несакани дејства*
*5. Чување и рок на употреба на ТИРЕМИКС*
*6. Содржина на пакување и други информации*


**1. Што претставува ТИРЕМИКС и за што се употребува**
Тиремикс кремот содржи фусидинска киселина. Тоа е тип на антибиотик.

Тиремикс кремот дејствува преку убивање на бактериите кои ја предизвикуваат инфекцијата.

Тиремикс кремот се употребува за лекување состојби на кожни инфекции од бактерии како што се:
- Импетиго (меури на кожата кои пукаат, красти и отоци)
- Инфициран дерматитис (воспаление на кожата) и дамки
- Инфицирани посекотини и гребнатини.

**2. Што треба да знаете пред да употребите ТИРЕМИКС**
Немојте да употребувате Тиремикс
- Ако сте алергични на фусидинска киселина или на кои било други состојки на лекот (наведени во дел 6).

**Предупредувања и мерки на претпазливост**
Разговарајте со Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра пред да употребите Тиремикс.
- Особено внимавајте ако го употребувате лекот во близина на Вашите очи или очите на Вашето дете.
- Ако го употребувате кремот подолг временски период во големи количини, тоа може да доведе до влошување на несаканите дејства. Исто така, Вашата кожа може да стане почувствителна на лекот.

Немојте да пушите или да се приближувате до пламен - ризик од сериозни опекотини. Текстилот (облеката, постелнината, завоите итн.) кој бил во контакт со овој производ гори полесно и претставува сериозна опасност од оган. Перењето на облеката и постелината може да го намали таложењето на производот, но не може целосно да го отстрани.

**Други лекови и Тиремикс**
Кажете му на Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра ако земате, неодамна сте земале или би можеле да земате кои било други лекови.

**Бременост и доење**
- Ако сте бремена или доите, мислите дека би можеле да бидете бремена или планирате да имате бебе, побарајте совет од Вашиот лекар или фармацевт пред да го употребите лекот. Кажете му на Вашиот лекар ако забремените додека го употребувате лекот.
- Не смеете да го употребувате лекот подолг временски период или во големи количини.

**Возење и ракување со машини**
- Обично лекот ќе има многу мало дејство врз Вашата способност за возење или ракување со машини. Проверете со Вашиот лекар ако чувствувате некои несакани дејства кои можат да Ве спречат да возите или ракувате со машини.

**Тиремикс содржи**
- Бутил хидроксианизол (Е320). Тој може да предизвика исип со чешање и воспаление на Вашата кожа каде што се употребува лекот. Тој, исто така, може да предизвика иритација на очите и на слузокожните мембрани (како усни или генитален предел).
- Цетил алкохол. Тој може да предизвика исип со чешање и воспаление на кожата каде што го употребувате лекот.
- Калиум сорбат. Тој може да предизвика исип со чешање и воспаление на кожата каде што го употребувате лекот.

Прашајте го Вашиот лекар ако сте загрижени за состојките на лекот.

**3. Како да се употребува ТИРЕМИКС**
Секогаш употребуајте го лекот точно како што Ви рекол Вашиот лекар или фармацевт. Проверете со Вашиот лекар или фармацевт ако не сте сигурни.

**Како да го нанесете Тиремикс**
Лекот е наменет за примена на Вашата кожа или на кожата на Вашето дете. Немојте да го голтате. Не го ставајте во внатрешноста на Вашето тело.

Отстранете го капачето. Проверете дали бариерата не е пробиена пред првата употреба на кремот. Потоа притиснете го зашилениот дел на капачето низ бариерата на тубата.

Пред употреба на Тиремикс секогаш мијте ги рацете. Нежно втријте го лекот на кожата. Ако го употребувате на лице, внимавајте да ги избегнете очите.

AGJENCIA E BARNAVE DHE MJETEVE MJEKËSORE
АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА
SHKUP
СКОПЈЕ

Освен ако не го употребувате лекот за лекување на рацете, секогаш мијте ги рацете по употреба на Тиремикс.

Ако лекот случајно дојде во Вашите очи, веднаш измијте ги со ладна вода. Потоа измијте ги очите со средство за чистење очи. Очите може да Ве печат. Ако почнете да чувствувате проблеми со видот или болка во очите, веднаш обратете се на Вашиот лекар.

**Колку Тиремикс да употребувате**
Вашиот лекар ќе Ви каже колку Тиремикс да употребувате.
Обично, треба да го употребувате лекот три или четири пати секој ден.
Ако Ви било кажано да ја покриете кожата со завој, можеби нема да имате потреба да го употребувате лекот толку често. Пелена кај бебе може да делува како завој. Следете го советот на Вашиот лекар.

**Ако употребите повеќе Тиремикс отколку што треба**
Ако случајно нанесете премногу крем или ако случајно проголтате мало количество од кремот, не е веројатно дека ќе предизвика некое оштетување. Ако случајно проголтате поголемо количество од кремот или ако сте загрижени, обратете се за совет кај Вашиот лекар, фармацевт или одделот за итна медицинска помош.

**Ако сте заборавиле да употребите Тиремикс**
Ако сте заборавиле да го употребите лекот, употребете го веднаш штом ќе се сетите. Потоа употребете го лекот во вообичаеното време.

Ако имате некои други прашања за употребата на лекот, обратете се кај Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра.

**4. Можни несакани дејства**
Како и сите лекови, така и Тиремикс може да предизвика несакани дејства, иако тие не се јавуваат кај секого.

**Важни несакани дејства за кои е потребна грижа:**
**Ретки (може да се јават кај 1 од 1,000 лица)**
Мора да примите итна медицинска помош ако имате некој од следните симптоми.
Можно е да имате алергиска реакција:

- Имате потешкотии во дишењето
- Оток на лицето или грлото
- Сериозен исип на кожата.

**Други можни несакани дејства:**
**Помалку чести несакани дејства (можат да се јават кај 1 од 100 лица)**

- Иритација на местото на примена (вклучувајќи болка, печење, иритација, пецкање и црвенило на кожата)
- Чешање
- Исип
- Егзема

**Ретки несакани дејства (може да се јават кај 1 од 1,000 лица)**

- Конјуктивитис

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP · СКОПЈЕ

- Уртикарија
- Оток на кожата
- Појава на меури на кожата

**Пријавување на несакани реакции**

Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

**5. Чување и рок на употреба на ТИРЕМИКС**

Да се чува подалеку од дофат и вид на деца, во неговото оригинално пакување.

Чувајте го ТИРЕМИКС на собна температура под 25°C.

Употребувајте го согласно рокот на употреба.
Немојте да го употребувате ТИРЕМИКС по истекот на рокот на употреба наведен на пакувањето.

Не отстранувајте кои било лекови преку отпадни води или отпад од домаќинства. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите што повеќе не ги користите. Овие мерки ќе помогнат во заштитата на животната средина.

**6. Содржина на пакување и други информации**
**Што содржи Тиремикс**

- **Активна супстанца:** 1 g крем содржи 20 mg фусидинска киселина
- Помошна(и) состојка(и): цетил алкохол, бел мек парафин, полисорбат 60 (E435), бутил хидроксианизол (E320), течен парафин, прочистена вода, глицерол (E422), калиум сорбат (E202) и хлороводородна киселина.

**Како изгледа и што содржи пакувањето во Тиремикс**

Алуминиумска туба од 20 g и пластично (HDPE) капаче.

**Производител**

Pharmactive Ilac San. ve Tic. A.S.
Karaağaç Mahallesi Fatih Bulvari No:32, Çerkezköy Organize Sanayi Bölgesi Kapaklı / Текирдаг, Турција

**Носител на одобрението за ставање во промет**

РИФАМ доо, ул. „Мара Угриноска“ бр.144, Гостивар, Р. Македонија

**Број и датум на одобрението за промет**

**Начин на издавање**

Лекот се издава во аптека само на рецепт (Р)

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

Јануари, 2020

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ